Амбасадор на Република Словенија

*Почитувани членови на советот на општина Охрид,*

*дозволете ми да го изразам моето најдлабоко жалење за губењето на градоначалникот на Охрид, проф. д-р Јован Стојаноски.*

*Оние неколку пати што имав прилика да се сретнам со починатиот, беше доволно да го ценам неговото знаење и подготвеност за соработка, да го откријат неговиот ревносен, праведен и прогресивен карактер. Беше добар човек и имаше слух за луѓето, за народот. Ќе ми недостига разговорот и пријателската соработка со него. Наследството што го остава нуди инспирација и предизвик за секој кој сака да ги следи неговите стапки. Беше човек кој добро ја познаваше Словенија и нејзината историја.*

*Убавите спомени се оние што мораме да ги запаметиме и кои не тешат во тешки денови. Неговата душа нека почива во мир, а неговото наследство придонесе кон позитивен развој на иднината на општина Охрид.*

*Жал ми е, што поради неодложни обврски не можам да присуствувам на комеморацијата.*

*Со голема почит,*

*Проф. д-р Милан Јазбец*

*Амбасадор*